| Дали се планирани пензионирања и/или најавени заминувања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на вработени кои ќе се пензионираат или ќе заминат: *(наведете број)* | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат, одберете една од наведените причини: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | |

| р. Бр | работно место (шифра и назив) | во орг. Един. | Во рамки на орг. Един. | Во рамки на орг. Един. | Причина 1: пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 2: најавено заминување (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 3: друго (наведете ја причината и датум на престанок на работниот однос) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | |

5

***Табела 5.*** Планирани пензионирања по припадност на заедница

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Планирани пензионирања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНИ НОВИ ВРАБОТУВАЊА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 6.*** Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања во следната година

| | | |
|---|---|---|
| Дали имате потреба од нови вработувања во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА | |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на нови вработувања за кои имате потреба: *(наведете број)* | | 3 |

Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања и одберете една од наведените причини
*(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици. Потоа внесете колку месеци во следната година се планира да работи новиот вработен и колкав буџет е потребен за плата на новиот вработен во следната година)*

| р. Бр | работно место (шифра и назив) | во орг. Единиц а | во рамки на орг. Единица | во рамки на орг. Единиц а | причина 1: зголемување на надлежностите на институцијата или обемот на работа на орг. Единица | причина 2: пензиониња ње или најавено заминување | причина 3: друго (наведете ја причината) | Колку месеци во следната година се планира да му се исплаќа плата на новиот вработен? (наведете број) | Колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година? (наведете во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | КДР 0305Б04001 Водоинстала-тер на градски | Оддел-ние за технички работи и | Сектор за технички работи и развој | / | Зголемен обем на работа | / | / | (8) месеци | 237,912,00 денари бруто плата |

6

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | водовод | услуги | | | | | | | |
| 2 | КДР 0305В02001 Општ комунален работник | Одделе-ние за технички работи и услуги | Сектор за технички работи и развој | / | Зголемен обем на работа | / | / | (8) месеци | 237,912,00 денари бруто плата |
| 3 | КДР 0402А03005 Работник – чувар за одржување на гробишта | Одделе-ние за технички работи и услуги (Оддел гроби-шта) | Сектор за технички работи и развој | / | / | Вработениот ќе замине во пензија на 03.09.2023 година | | (8) месеци | 237,912,00 денари бруто плата |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |

7

*Табела 7.* Број на работни места кои се планира да се пополнат преку нови вработувања во следната година

| | Опис | ВКУПНО |
|---|---|---|
| а | **Планирани нови вработувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 3 |

*Табела 8.* Податоци кои се внесуваат во онлајн калкулаторот "Балансер", поставен на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Стартна позиција за годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 1, ред г, бројна состојба на 31 декември во тековната годината) | 17 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| б | **Пензионирања во годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 5, ред а, пензионирања заклучно со 31 декември следната година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО "КОМУНАЛЕЦ" п.о. 2 ПЕХЧЕВО

| | | | |
|---|---|---|---|
| в | **Планирани нови вработувања во годината на која се однесува планот**<br>(се внесува податокот од Табела 7, ред а) | 3 | |

**Пристапете на онлајн калкулаторот кој се наоѓа на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk/, внесете ги податоците од оваа табела и тука приложете го испечатениот документ од калкулаторот**

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 01-578/1
31.08. 2023 год
ПЕХЧЕВО

# МИОА balancER

Внесете број на институцијата / назив на институцијата: ЈКП Комуналец - Пехчево (5168368)

Име на институцијата: ЈКП Комуналец - Пехчево (5168368)

Попис на население: Пехчево

Број на нови вработувања: 3

| Припадност на етничка заедница | Вработени на 31 декември тековната година (1) | Планирани пензионирања и заминувања во следната година (2) | Процентуална состојба (3) | Попис на населението 2021 (4) | Распределба на новите вработувања за следната година (5) |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 15 | 0 | 88.24% | 81.22% | 3 |
| Албанци | 0 | 0 | 0.00% | 0.05% | 0 |
| Турци | 0 | 0 | 0.00% | 7.12% | 0 |
| Роми | 2 | 0 | 11.76% | 6.53% | 0 |
| Срби | 0 | 0 | 0.00% | 0.24% | 0 |
| Власи | 0 | 0 | 0.00% | 0.02% | 0 |
| Бошњаци | 0 | 0 | 0.00% | 0.05% | 0 |
| Други | 0 | 0 | 0.00% | 0.78% | 0 |
| Останати | 2 | 0 | 11.76% | 14.74% | 0 |
| Непознато* | / | / | / | 3.99% | / |
| Вкупно | 17 | 0 | 100.00% | 100% | 3 |

* [illegible]

Табела за сите можни распределби на нововработените лица

Испечати | Симни документ

| Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | [illegible] | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | [illegible] |
| [illegible] | [illegible] | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

© 2023 - balancER Македонија

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО „КОМУНАЛЕЦ" ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за ставање во мирување на ПУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево во с.Умлена, општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за ставање во мирување на ПУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево во с.Умлена, општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 20-та седница одржана на ден 26.10.2023 година.

Бр. 09-1248/7 Градоначалник на
26.10.2023 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 8, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 28 став 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.160/09 и 229/20), член 30 точка 40 од Статутот на Општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021) и добиената согласност од Министерството за образование и наука бр.12-7844/2 од 25.08.2023 година, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.10.2023 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

**за ставање во мирување на ПУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево во с.Умлена, општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука, се става во мирување ПУ „Ванчо Китанов„ во с.Умлена, општина Пехчево, поради немање на доволен број на ученици.

**Член 2**

Учениците кои во моментот се запишани во ПУ „Ванчо Китанов„ во с.Умлена, ќе продолжат со настава во објектот на ООУ "Ванчо Китанов„ - Пехчево.

**Член 3**

Одлуката се доставува до Службен весник на РСМ и Централен регистар на РСМ.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1239/1 Совет на општина Пехчево
26.10.2023 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на измени на ценовник за извршување на услуги и работи од страна на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на измени на ценовник за извршување на услуги и работи од страна на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 20-та седница одржана на ден 26.10.2023 година.

Бр. 09-1248/8 Градоначалник на
26.10.2023 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.10.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на измени на ценовник за извршување на услуги и работи од страна на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ги усвојува измените на ценовникот за извршување на услуги и работи од страна на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.

**Член 2**

Измените на ценовникот за извршување на услуги и работи од страна на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево бр. 01-622/1 од 22.09.2023 година, се составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1240/1 Совет на општина Пехчево
26.10.2023 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РСМ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на РСМ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), и член 14 од Статутот на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, Управниот одбор на седницата одржана на ден 22.09.2023 година, донесе

**ЦЕНОВНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ**
**За извршување на услуги и работи од страна на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

Член 1

Во Ценовникот За извршување на услуги и работи од страна на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево бр.01 - 317/1 од 28.03.2022 година

Во реден број 5 Управување со гробишта во ред 6 Надомест за 1 гробно место за лица кои не живеат во Пехчево во колоната Предлог единечна цена (денари) цената „25.000,00„ се менува и гласи „35.000,00„.

Во реден број 5 Управување со гробишта во ред 7 Надомест за 2 гробни места за лица кои не живеат во Пехчево во колоната Предлог единечна цена (денари) цената „35.000,00„ се менува и гласи „50.000,00„.

Во реден број 6 Ангажирање на механизација во ред 5 Користење на приватно возило за потреби на претпријатието во колоната Предлог единечна цена (денари) зборовите „Признати трошоци на реп. ниво намалени за 13%„ се заменуваат со зборовите „трошоци во висина од 20% од цената на еден литар гориво што го користи автомобилот за секој изминат километер, доколку е издаден патен налог„.

Член 2

Овој Ценовник влегува во сила и ќе се применува со денот на добивање согласност од Советот на општина Пехчево и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

22.09.2023 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за зголемување на основната бруто плата на вработените во претпријатието**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за зголемување на основната бруто плата на вработените во претпријатието, што советот на општина Пехчево ја донесе на 20-та седница одржана на ден 26.10.2023 година.

Бр. 09-1248/9<br>26.10.2023 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.10.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за зголемување на основната бруто плата на вработените во претпријатието**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за зголемување на основната бруто плата на вработените во претпријатието.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за зголемување на основната бруто плата на вработените во претпријатието, бр. 02-621/2 од 22.09.2023 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1241/1<br>26.10.2023 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
„КОМУНАЛЕЦ"
02-621/2
22.09. 2023 год
ПЕХЧЕВО

Прим. 27.09.2023
08 1134/2 / /

Врз основа на член 19 став 2 точка 9 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019, 89/2022 и 274/22), член 14 став 1 од Општиот колективен договор за јавниот сектор (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154/2023) и член 14 од Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, Управниот одбор на седницата одржана на ден 22.09.2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за зголемување на основната бруто плата на вработените во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево

Член 1

Основната бруто плата на вработените во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево се зголемува за 10%, започнувајќи со исплатата на платата за месец Септември 2023 година.

Член 2

Зголемувањето на основната бруто плата се врши согласно член 14 од Општиот колективен договор за јавниот сектор (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154/2023).

Член 3

Одлуката влегува во сила и ќе се применува по добивањето согласност од Советот на општина Пехчево и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

22.09.2023 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП"Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на измени и дополнување на Годишната програма за еднакви можности меѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на измени и дополнување на Годишната програма за еднакви можности меѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 20-та седница одржана на ден 26.10.2023 година.

Бр. 09-1248/10
26.10.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево број 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.10.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на измени и дополнување на Годишната програма за еднакви можности меѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ги усвојува измените и дополнувањата на Годишната програма за еднакви можности меѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

**Во точка 2 – Цели на програмата,** од Годишната програма за еднакви можности меѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година, зборовите **еднаквите можности на жените и мажите** се заменуваат со зборовите **родовата еднаквост,** а зборот **полово** се заменува со зборот **родово.**

**Член 3**

**Во точка 3 – Реализација**, од Годишната програма за еднакви можности меѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година, зборовите **од аспект на еднаквите можности на жените и мажите** се заменуваат со зборовите **од родов аспект.**

**Член 4**

**Во точка 4 – План за спроведување на програмата,** од Годишната програма за еднакви можности меѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година, зборот **полово** се заменува со зборот **родово.**

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-1242/1
26.10.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 20-та седница одржана на ден 26.10.2023 година.

Бр. 09-1248/11
26.10.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 став 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002), член 12 точка 4 и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.10.2023 година донесе

**О Д Л У К А**
**за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река - Пехчево**

Член 1

Висината на цената на комуналната услуга собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река - Пехчево изнесува **238,00 денари** без ДДВ.

Член 2

На сопствениците на вилите на туристичкиот локалитет Равна Река – Пехчево, комуналната услуга собирање и транспортирање на комунален отпад, ќе им се наплатува само за месеците април, мај, јуни, јули, август, септември и октомври.

Член 3

Се задолжува ЈКП ,,Комуналец‘‘- Пехчево, навремено и непрекинато да врши собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река-Пехчево, согласно програмата за работа на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.

Член 4

Корисникот на комунална услуга е физичко лице кое ги користи услугите на давателот на услуга чии права и обврски се регулираат меѓусебно со склучен договор.

Се задолжуваат сопствениците на вилите на туристичкиот локалитет Равна Река – Пехчево да ја почитуваат оваа одлука и да склучат договор со ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, како давател на комуналната услуга - собирање и транспортирање на комунален отпад.

Член 5

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 08-1360/1 од 23.12.2021 година, објавена во Сл.Гласник бр. 08/2021 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево, а ќе почне да се применува од 01.04.2024 година.

Бр.08-1243/1
26.10.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за утврдување на условите, начинот и шемите за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на условите, начинот и шемите за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 20-та седница одржана на ден 26.10.2023 година.

Бр. 09-1248/12 Градоначалник на
26.10.2023 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002), член 61 и 62 од Законот за управување со отпад (Сл. Весник на РСМ бр.216/2021) и член 30 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.10.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за утврдување на условите, начинот и шемите за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на општина Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево на предлог на градоначалникот на општина Пехчево, ги утврдува условите, начинот и шемите за собирање и транспортирање на комунален отпад во рамките на интегрираниот систем за управување со отпад на подрачјето на општина Пехчево.

**Член 2**

Условите, начинот и шемите за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на општина Пехчево, се составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Давателот на услуга ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево се должни на местата определени од градоначалникот на општина Пехчево да поставаат садови за собирање и селектирање на отпад, врз основа на општите правила донесени согласно членовите 37 и 51 од Законот за управување со отпад.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1244/1 Совет на општина Пехчево
26.10.2023 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 08-1217/1
19.10. 2023
ПЕХЧЕВО

До

Совет на општина Пехчево

**Предмет: Услови, начини и шеми за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на општина Пехчево**

**Предлагач: Градоначалник на општина Пехчево, Александар Китански**

Врз основа на член 61 од Законот за управување со отпад (Сл Весник на РСМ бр.216/2021), се доставува предлог за условите, начинот и шеми за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на општина Пехчево

1. Подрачје каде ќе се спроведува услугата:
   општина Пехчево и населените места;
2. Начини и фреквенцијата на собирање на комуналниот отпад: еднаш во неделата, а по потреба и повеќе пати, по следниот редослед:
- Понеделник: с.Робово – с.Умлена – с.Чифлик – с.Негрево – с.Панчарево - основно училиште во с.Црник - градски пазар Пехчево – Кит го;
- Вторник: Ресторан Ристово меанче – Кафе бар КИМ – Ресторан Викторија – Централно градско подрачје – Булевар Равен – ООУ Ванчо Китанов – ОЈУДГ 7 Септември – Стопанска банка – зграда над Стопанска банка – ул.Јулија Веселинска, Градски пазар – Ресторан Тропик – Комплекс Бараки – ул. Младинска – ул. Гоце Делчев;
- Среда: ул. Буковик – ул. Пиринска – ул. Првомајска – ул. Страшо Пинџур – ул. Илинденска;
- Четврток: Нова населба и објекти околу неа – ул. 8 Март – ул. Индустриска – ул. 7 Септември;
- Петок: населба Говедарник – ул. Кадиица – ул. Македонија – централно градско подрачје – Комплекс Бараки - с.Црник – туристичка населба Равна река;
3. Видови на стимулативни мерки:
- општина Пехчево заедно со Јавното комунално претпријатие може стимулативно да делува преку организирање шеми за селектирање, транспорт и преработка на отпад и тоа со поставување на пресконтенјери и подземни контејнери, со што ќе се осовремени начинот на собирање на комунален отпад. На тој начин од една страна со пресување на отпадот се остварува голема заштеда како во капацитетот на традиционалните контејнери за смет, така и во транспортните трошоци, а од друга страна се подобруваат хигиенско-санитарните услови, заради тоа што нема да има непријатни миризби.
- Општината и Јавното претпријатие имаат интерес во процесот за селектирање на отпад, заради тоа што се намалува количината на отпад наменет за

депонирање, со што се продолжува векот на траење на општинската депонија до воспоставување на регионален пристап на управување со отпад.

- Вклучување на невладиниот сектор во кампањите за подигнување на јавната свест околу управувањето со отпад во насока на заштита на животната средина, преку ќреативно изразување, организирање на работилници.

4. Технички и други барања кои се однесуваат на обезбедувањето на собирните места и центри за услугите за собирање и за транспортирање на комуналниот отпад, како и селекцијата на посебните текови на отпад:

- Да се постават контејнери за селекција во училиштата, и со адекватна едукација кон најмадите да се пристапи кон правилно селектирање.
- Предвидено е организирање активности за изработка на предмети од рециклабилни материјали, собирни акции на стара хартија и ПЕТ амбалажа, организирање на еколошки акции за чистење, уредување на просторот во училишните дворови, што е значајна придобивка на локално ниво во напорите за подигнување на свеста и учење уште од мали нозе дека отпадот е суровина, а не нешто што треба да се отфрли и да ја загадува животната средина. За придобивките од примарната селекција, потребно е да се изработи информативна кампања за подигање на јавната свест, каде ќе биде вклучено и селектирањето на биоразградливиот отпад од комуналниот отпад, хартијата, пластиката и стаклото.
- Со адекватна едукација на граѓаните на општина Пехчево за правилно селектирање на отпад се предвидува количеството на селектиран отпад да се зголеми за 3 до 4 пати. За таа намена потребно е да се набават контејнери за ПЕТ амбалажа, садови за хартија и да се зголемат собирните места на стакло кон селата.
- Селективното собирање на стакло се врши на тој начин што на одредени локации се поставени посебни контејнери, селекцијата на стакло да се прошири и кон околните села, да се постават звона за стакло.

5. Други прашања што се од значење за спроведување на интегрираниот систем за управување со отпад:

- Воспоставување на систем на селектирање на отпадот на местото на неговото создавање со поставување на специјализирани садови за селекција на отпадот на местото на неговиот извор.
- Системско распоредување на специјализирани садови од 120 литри (жолта боја) за собирање на РЕТ пластика од индивидуални домаќинства;
- Системско распоредување на специјализирани садови од 1,1$м^3$ (жолта и сина боја) за собирање на отпадна хартија од колективни домаќинства и правни лица.

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
08-1217/2
19.10.2023
ПЕХЧЕВО

# ШЕМА ЗА ЛОКАЦИЈА НА САДОВИ ЗА СОБИРАЊЕ И СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ОТПАД

**Пехчево**

| Реден број | Сериски број | Собирни места | Реден број | Сериски број | Собирни места |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 3317 | Ул. „Киро Медарски"- Спортска сала | 25 | 3364 | Индустриска зона-Ветеринарна станица |
| 2 | 3318 | ЈКП „Комуналец"- Пехчево | 26 | 3370 | Ул.„Индустриска"-Автосервис Премиум |
| 3 | 3319 | Ул. „Индустриска"- Дик Фагус | 27 | 3372 | Ул. „Равен" Зграда-Центар |
| 4 | 3321 | Ул. „Индустриска"- Нова Рефрактори | 28 | 3376 | Плоштад-Библиотека „Кочо Рацин" |
| 5 | 3324 | Ул. „Јулија Веселинска"- Црква Св.Петар и Павле | 29 | 3379 | Ул. „Орце Николов"- Градски пазар |
| 6 | 3326 | Ул. „Индустриска"-ЈП Национални шуми | 30 | 3362 | Џамија |
| 7 | 3327 | Св. Петка | 31 | / | Градски гробишта |
| 8 | 3328 | Ул. Индустриска „-Нова Рефрактори | 32 | / | Градски гробишта |
| 9 | 3329 | Ул. „Равен"- Зграда 4 | 33 | / | Индустриска зона-Подуово(Андон Ком) |
| 10 | 3331 | Ул. „Равен"-Зграда 3 ( Стопанска банка) | 34 | / | Индустриска зона-Ал Дарив |
| 11 | 3332 | Туристичка населба- Равна Река | 35 | / | Индустриска зона-Мивабо |
| 12 | 3333 | Ул. „ Орце Николов"- Пазар | 36 | / | Индустриска зона-Би-Груп |
| 13 | 3334 | Ул. „Индустриска"- Нова Рефрактори | 37 | / | Ул.18-ти Август-Ристово Меанче |
| 14 | 3335 | Ул.„Даме Груев"- Гимназија „Ацо Русковски" | 38 | / | Ул.18-ти Август-Тренд |
| 15 | 3337 | Ул. „Индустриска"- Нова Рефрактори | 39 | / | Ул.„Равен"-Кит-Го |
| 16 | 3339 | Ул. „Даме Груев"-Градинка 7-ми Септември | 40 | / | Ул."18-ти Август-Тренд |
| 17 | 3340 | Ул. „Равен"- Зграда 3 | 41 | / | Ул.„Јулија Веселинска"-Ресто.Викторија |
| 18 | 3346 | Ул.„ Орце Николов"-Агора | 42 | / | Ул.„Равен"-Кит-Го |
| 19 | 3347 | Ул. „ Равен"-Зграда 3 | 43 | / | Ул.„Равен- Зграда 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 20 | 3348 | Ул. „Симо Андоновски"- Златко-Текс | 44 | / | Ул.„Равен- Зграда 1 |
| 21 | 3350 | Индустриска зона-Подуово (Коце Шумански) | 45,46 | / | Ул.„Јулија Веселинска"-Градски гробишта |
| 22 | 3352 | Ул.„Јулија Веселинска- Градски гробишта | 47,48,49 | / | Ул.„Орце Николов"-Градски Пазар |
| 23 | 3356 | Индустриска зона-Би-Груп 18 | 50,51,52 | / | Ул.„Индустриска"-Дик Фагус, |
| 53 | | Здравствен Дом | 54,55,56 | Син, жолт, метален | ООУ „Ванчо Китанов„ |
| 57,58,59 | / | Равна Река | 63,64,65 | / | Равна река |
| 60,61,62 | / | Равна Река | 66,67 | / | Равна Река |

**Околни села**

| Реден број | Сериски број | Собирни места | Реден број | Сериски број | Собирни места |
|---|---|---|---|---|---|
| 68 | 3358 | Ул 7-ми Септември | 97 | 3374 | С.Панчарево-продавница |
| 69 | 3320 | С. Умлена(Школа),метален | 98 | 3375 | С.Панчарево-продавница |
| 70 | 3322 | С. Умлена( Гробишта),метален | 99,100,101 | / | С.Панчарево |
| 71 | 3343 | С. Умлена -метален | 102,103,104 | / | С.Панчарево |
| 72 | 3360 | С.Умлена( Центар-метален) | 105 | / | С.Панчарево |
| 73 | 3351 | С. Умлена-метален | 106 | 3330 | С.Чифлик |
| 74 | 3378 | С. Умлена-метален | 107 | 3336 | С.Чифлик |
| 75 | / | С. Умлена-метален | 108,109 | метални | С.Чифлик-продавница |
| 76,77,78 | / | С. Умлена-пластичен | 110,111 | метални | С.Чифлик |
| 79,80 | / | С. Умлена-пластичен | 112,113,114 | пластични | С.Чифлик |
| 81 | 3323 | С.Робово (Црква) | 115 | 3342 | С.Негрево-Милениум |
| 82 | 3325 | С. Робово (Центар) | 116 | 3353 | С.Негрево-центар |
| 83 | 3365 | С.Робово (Лесанци) | 117 | 3373 | С.Негрево-Мехе |
| 84 | 3366 | С.Робоо(Митревци) | 118 | метален | С. Негрево |
| 85 | 3377 | С. Робово(Мачевци) | 119,120 | пластични | С.Негрево |
| 86,87,88,89,90 | / | С.Робово-метални | 121 | 3359 | Црник-Пу„ Ванчо Кианов" |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 91,92,93,94,95 | / | С.Робово-пластичени | 126 | 3354 | С.Црник |
| 96 | 3367 | С.Панчарево | 127 | 3316 | С.Црник |
| 122 | 3357 | С.Црник | 128 | 3361 | С.Црник |
| 123 | 3371 | С.Црник | 129 | 3368 | С.Црник |
| 124 | 3355 | С.Црник | 130 | 3369 | С.Црник |
| 125 | 3358 | С.Црник | | | |
| **Ѕвоно за стакло** | | | | | |
| Реден број | Сериски број | Собирни места | | | |
| 1 | / | Ул.,,Киро Медарски''-Нова Населба | | | |
| 2 | / | Ул.,,Равен''-Општина Пехчево | | | |
| 3 | / | Ул.,,Даме Груев''-Градинка | | | |
| 4 | / | Ул.,,Индустриска''-Здравен Дом | | | |
| 5 | / | Ул.,,Орце Николов''-Градски пазар | | | |
| 6 | / | Ул.,,АРМ''- Здужение пензионери | | | |
| 7 | / | Ул.,, Равен''- Зграда | | | |
| 8 | / | Ул.,'18-ти Август- Ким | | | |
| 9 | / | Ул.,,Страшо Пинџур''-Продавница Ивел | | | |
| 10 | / | Ул.,,Александар Македонски-Ивел | | | |

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за формирање на Комисија за објекти кога постои опасност од уривање**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за формирање на Комисија за објекти кога постои опасност од уривање, што советот на општина Пехчево ја донесе на 20-та седница одржана на ден 26.10.2023 година.

Бр. 09-1248/13
26.10.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на ден 26.10.2023 година донесе

**ОДЛУКА**
**за формирање на Комисија за објекти кога постои опасност од уривање**

**Член1**

Се формира комисија за објекти кога постои опасност од уривање на истите во општина Пехчево.

**Член 2**

Комисијата се состои од три члена и тоа:

1. Николчо Станоевски - Претседател;
2. Светлана Стамболиска - Член;
3. Моника Шехтанска - Член;

**Член 3**

Комисијата има за задача да ја спроведува Одлуката и работи според член 99 од Законот за градење (Сл. весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23).

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1245/1
26.10.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 20-та седница одржана на ден 26.10.2023 година.

Бр. 09-1248/14
26.10.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002), член 114 став 1 и став 13 и став 16 од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на Р.М бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ„ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.10.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на членови на Управен одбор во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

**Член 1**

Станка Стаменковска се разрешува од должноста член на Управен одбор во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, поради истек на мандат.

Александар Манчовски се разрешува од должноста член на Управен одбор во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, поради истек на мандат.

- За нов член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево се потврдува изборот за Станка Стаменковска (претставник од јавната установа), согласно член 114 став 16 од Законот за заштита на децата;
- За нов член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево се именува Трајанка Беќарска - Пехчево, согласно член 114 став 13 од Законот за заштита на децата;

**Член 2**

Членовите на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево се именуваат за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1246/1
26.10.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

## С О Д Р Ж И Н А:

1. Одлука за усвојување на измени и дополнувања на буџетот на општина Пехчево за 2023 година (ребаланс) ____________________ 3;
2. Јавен повик за пријавување на лица за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ____________________ 48;
3. Одлука за усвојување на шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ____________________ 51;
4. Одлука за усвојување на извештај за извршени работи во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево _ 57;
5. Одлука за усвојување на годишен план за вработување во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2024 година ____________________ 73;
6. Одлука за ставање во мирување на ПУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево во с.Умлена, општина Пехчево ____________________ 84;
7. Одлука за усвојување на измени на ценовник за извршување на услуги и работи од страна на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ____________________ 85;
8. Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за зголемување на основната бруто плата на вработените во претпријатието ____________ 87;
9. Одлука за усвојување на измени и дополнување на Годишната програма за еднакви можности меѓу мажите и жените на Општина Пехчево за 2023 година ______________ 89;
10. Одлука за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад од вилите на туристичкиот локалитет Равна Река – Пехчево ____________________ 91;
11. Одлука за утврдување на условите, начинот и шемите за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на општина Пехчево ____________________ 93;
12. Одлука за формирање на Комисија за објекти кога постои опасност од уривање _______ 99;
13. Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор во ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево ____________________ 100;